# ЗАПИСНИК
## од прво продолжение на 6. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
## одржана на 18.2.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јаjага, м-р Гордана Мајнова, Цветанка Миновска и Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Афрона Врзиволи (годишен одмор), Петар Џуровски (боледување).

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска-Довлева, м-р Арѓенд Џелили, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, д-р Ивана Стојановска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски го отвори првото продолжение на 6. седница. Седницата почна во 11:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Претседателот Стефановски најави дека на седницата ќе се разгледува Точка 4 од Дневниот ред на 6. седница, со наслов: „Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка – стока: наем на возила (оперативен лизинг)“, која беше одложена.

**Точка 4**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека на претходната седница по оваа точка било дадено образложение и била спроведена дискусија од страна на членовите на Советот, по што бил прифатен предлогот разгледувањето да се одложи. Тој наведе дека, согласно Финансискиот план на Агенцијата за 2026 година и Планот за јавни набавки за 2026 година, усвоени во декември минатата година, било предвидено изнајмување на три возила. Меѓутоа, со оглед на тоа што сè уште не е избран заменик на директорот, се предлага наместо три да се набават две возила. Средствата за оваа намена се обезбедени во буџетот за 2026 година, а ќе бидат планирани и средства за наредните две години, односно за 2027 и 2028 година.

Советот на Агенцијата со 4 гласа „за“ и еден глас „против“ од советничката Гордана Мајнова, даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка-стока: наем на возила (оперативен лизинг).

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-стока: наем на возила (оперативен лизинг), е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-5639/1 од 26.12.2025 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2027 година и 2028 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**